**20081232423**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 1 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за странци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.09.2008 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ ВЛЕЗ НА ДРЖАВЈАНИ НА ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ПОТПИСНИЧКИ НА ШЕНГЕНСКИ ДОГОВОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И СО ВАЖЕЧКА ЛИЧНА КАРТА

Член 1

Со оваа одлука им се овозможува на државјаните на земјите членки на Европската унија и потписнички на Шенгенски договор да влегуваат во Република Македонија и со важечка лична карта издадена од надлежните органи на земјите членки на Европската унија и потписнички на Шенгенски договор од денот на влегување во сила на оваа одлука.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4938/1<br>29 септември 2008 година<br>Скопје

Претседател на Владата<br>на Република Македонија,<br>м-р **Никола Груевски,** с.р.